316.334.3(075.8)(049.3)

# Осврт на книгата: „Политичка социологија 2", од Ило Трајковски

**Кире Шарламанов***

## 1. Општи карактеристики на трудот

Како што кажува насловот, книгата „Политичка социологија 2" е продолжение на претходната книга на проф. д-р Ило Трајковски, „Политичка социологија 1" и опфаќа теми, содржини и приод кои се логично продолжение на истата. Книгата „Политичка социологија 2" темелно и исцрпно ги елаборира најзначајните теми во областа на политичката социологија. Книгата е преглед на умешно селектирани теми, логично подредени на начин што оформуваат складна целина. Темите во книгата се надоврзуваат и се дополнуваат една со друга, овозможувајќи му, дури и на релативно неупатен читател при минувањето на една, да стекнува сознанија и да се подготвува за читањето на останатите глави. Може да се каже дека иако поделен во десет поглавја, материјалот во самата книга е добро ускладен на повеќе нивоа: на ниво на содржина: прецизно утврдена и добро разграничена содржина на секое од поглавјата, на ниво на пристап унифициран и систематизиран пристап со лесно читлива нарација во секое од поглавјата, на когнитивно ниво - степенување на сознанијата изнесени во книгата, така што сознанијата кои може да се добијат во едно, го олеснуваат читањето на останатите поврзани поглавја.

Секој автор има специфичен стил. Во социологијата тој се огледа на техните на истражување и прикажување на сознанијата кои им се презентираат на читателската публика. Тоа се специфики по кои авторите се разликуваат едни од други и се препознатливи за читателската публика. Во случајот со проф. Трајковски, такви специфики се поимната анализа и комбинацијата на темелна теоретска расправа со контекстуализација и локализација на глобално релевантните теми, дополнета со прецизно употребувани емпириски податоци. Оваа книга во таа смисла, не отстапува од препознатливиот стил на истражување и пишување на професорот Трајковски. Секоја од главите започнува со поимна анализа, за понатаму да премине во теоретска расправа, која се илустрира

* sharlamanovk@gmail.com

со емпириски сознанија и компарација меѓу одделни локални контексти. Дополнителна карактеристика не теоретскиот и истражувачкиот пристап на професорот Трајковски е инсистирањето на значењето на граѓанското содружништво за политичката социологија и социологијата генерално. Како врвен авторитет во оваа област, тој ги следи процесите на интеракција меѓу граѓанското содружништво и останатите релевантни теми на политичката социологија.

Од увидот во литературата на која се повикува авторот, при обработката на темите, во книгата „Политичка социологија 2", може да се дојде до сознание дека е користена обемна и релевантна литература. Со литературата која ја имал на располагање авторот направил успешна синтеза и го обработил најзначајните теми на политичката социологија на оригинален начин.

Појавувањето на книгата „Политичка социологија 2", пополнува значајна празнина во социолошката мисла и литература во Република Македонија. И покрај тоа што може да се најдат дела за кои би можело да тврди дека покриваат, една или неколку, но сепак ограничен број на теми од областа на политичката социологија, во Република Македонија на пазарот на социолошката мисла не можеше да се најде сеопфатна книга, која ги покрива сите најзначајни теми во политичката социологија со социолошки пристап кон истите. Оттука оваа книга, како и претходното дело на проф. Ило Трајковски, со право претендираат да бидат незаменлива литература за секој кој се занимава со социологија, политологија, а особено за оние кои се специјалисти во областа на политичката социологија, како и за оние кои имаат такви амбиции. Книгата исто така, ги има сите неопходни квалитети да се користи како учебник, како за додипломски, така и за постдипломски студии. Причината тоа да биде така, не е во оскудицата на таква литература во Република Македонија, иако е факт дека таа постои, туку во квалитетот на книгата, темите кои ги разработува, и начинот на кој го прави тоа. Иако целта на книгата „Политичка социологија 2" е да ја запознае македонската јавност, како стручна така и генерална, со основите, но и со најновите достигнувања во политичката социологија, имајќи ги предвид квалитетите на книгата се чини дека со адекватен превод, овој труд би бил релевантен и за многу поширок пазар на интелектуални производи од македонскиот.

## 2. Компаративна анализа на книгата „Политичка социологија 2"

Книгата „Политичка социологија 2", кореспондира со најзначајните книги од тој тип издадени во меѓународната социолошка јавност. Книгата, пред сѐ, има многу заеднички елементи со веројатно најдоброто постмодерно четиво по политичка социологија, „Современа политичка социологија: глобализација, политика и моќ" од Кејт Неш, но и со „Прирачник по политичка социологија: држава, граѓанско општество и глобализација" од Томас Јаноски, Роберт Р. Олфорт и останатите. Книгата „Современа политичка социологија: глобализација, политика и моќ" од Кејт Неш, по изборот на теми е поскромна и опфаќа пет тематски целини, кои можат да се најдат и во „Политичка социологија 2". Тоа што е заедничко за двајцата автори е посветеноста на граѓанското сопружништво. Така на пример, една од петте теми кои ги обработува Неш е насловена „Граѓанственост". Кај професорот Трајковски исто така е забележлива тенденција за секоја од темите кои ги третира да го поставува прашањето за нејзината поврзаност и испреплетеност со граѓанското сопружништво. Тоа што ги разликува овие автори, пак е што Неш, посветува нешто поголемо внимание на тенденциите на глобализација во современата политика, додека професорот Трајковски е повеќе посветен на анализа на есенцијалните карактеристики на политиката и врската меѓу симболичката означувачка димензија на поимите и нивната имплементација во портретирањето на релациите на моќ од една страна и нормативната наспроти реалистичката димензија на политичкото дејствување од друга.

Книгата, „Прирачник по политичка социологија: држава, граѓанско општество и глобализација" од Томас Јаноски, Роберт Р. Олфорт и останатите, по својот обем и структура е импозантна, но изборот на темите повеќе соодветствува со претходната книга на професорот Трајковски, „Политичка социологија 1", во смисла на тоа дека посветува внимание на базичните поими и категории во политичката социологија. Очигледна е извесна разлика во приодот при пишувањето на двете книги. Додека Томас Јаноски, Роберт Р. Олфорт и останатите, се повеќе посветени на тоа да ни претстават колку што е можно повеќе теории во политичката социологија и нив да ги поврзат со државата и државните политики, професорот Трајковски задржува една поширока перспектива, посветувајќи им сериозно внимание на теми како граѓанското содружништво и јавното мнение.

Книгата „Политичка социологија 2" на проф. Ило Трајковски, има доста заеднички елементи со еден многу успешен учебник по политичка социологија, напишан од Андриус Швирплус и Ваидас Моркевичиус, професори кои во

политичката социологија не успеале да ја стекнат славата на авторите како Кејт Неш. Иако учебникот на Андриус Швирплус и Ваидас Моркевичиус е еден од најдобрите напишаните во последната декада, тој сепак ја нема амбицијата на „Политичка социологија 2", располага со многу поскромен избор на теми и по пристапот на истите се обраќа само на луѓе со поскромни познавања на политичката социологија.

Споредувајќи ја книгата „Политичка социологија 2" со слични релевантни книги во политичката социологија се наметнува впечатокот дека оваа книга ја анализира политиката преку призмата на социолошката имагинација во сите нејзини димензии. Квалитет на книгата кој вообичаено недостасува кај слични учебници е што се ангажира со разјаснување на политичките разлики како на ниво на политичките идеологии, така и на ниво на политички партии, па сè до анализа на изборите и изборните процеси. Вообичаено, учебниците и прирачниците по политичка социологија се занимаваат со моќта, државата и политиките кои се имплементираат или треба да се имплементираат, но слабата точка најчесто е ставањето настрана на онаа димензија на политиката која е поврзана со борбата за власт. Причината веројатно лежи во деликатноста на тој процес, па дури и непријатноста да се пишува за него. Нема да биде претерано ако се каже дека книгата „Политичка социологија 2" се соочува и ги расветлува процесите, кои голем број автори се обидуваат да ги маргинализираат.

Во современата политичка социологија при пишувањето на учебниците постои една тенденција политиката да се согледува низ призмата на одредена поддисциплина во рамките на политичката социологија. Такви се примерите на Скот Фрикел и Кели Мур, „Нова политичка социологија на сознанието", која е фокусирана на релацијата меѓу моќта и науката, Џон Скот, „Лобирањето и општеството: политичка социологија на интересовните групи", Џејсон Бекфилд и Ненси Кригер, „Политичката социологија и народното здравство", Карлос Торес, „Политичка социологија на образованието за возрасни" итн. Во таа смисла, книгата на проф. Трајковски, „Политичка социологија 2", не се реферира на некоја од поддисциплините на политичката социологија, туку напротив е напишана како општа политичка социологија.

### 3. Содржинска анализа на трудот

Книгата е поделена на три дела: 1. Политичка партиципација и демократија: институции, 2. Чинители на демократската политика, 3. Свеста и политичкото дејствување. Секој од деловите во книгата е поделен на неколку

глави. Поконкретно, првиот дел ги опфаќа првите четири глави, вториот дел ги опфаќа од петтата до седмата глава, додека третиот дел ги опфаќа од осмата до десеттата глава.

Првата глава насловена „Политичка партиципација и политичка мобилизација“, почнува со поимна анализа на политичката партиципација и нејзиното разграничување од партијноста, за понатаму политичката партиципација да се стави во контекст на политичките системи, при што особено внимание се обрнува на демократскиот политички систем. Овде значајно место е отстапено на формата и степените на политичка партиципација. Дополнителна вредност, на теоретски заснованиот приказ на партиципацијата пружа презентацијата на резултатите добиени од најнови емпириски истражување. Особено значајна е презентацијата на наодите, од Европската социјална сондажа (ESS) (Трајковски 2019А: 30). При крајот на првата глава посветена на политичката партиципација и мобилизација, авторот истата ја става во контекст на својот опозит, апатичноста и аполитичноста, за подоцна да ги разгледа причините за апатичноста на кои посочуваат резултатите од емпириските истражувања. Оваа глава завршува со преиспитување на митот за апатичноста на младите.

Втората глава под наслов „Демократија“ прави типологизација на демократијата на директна и посредувана, со детална опсервација на карактеристиките на демократските политички системи. Особено е значајно укажувањето на авторот на влијанието на либералната традиција во обликувањето на посредничката демократија. Многу автори, поради пуританската дисциплина во категоризацијата на политичките теории и политичките системи, за жал не успеваат да ја претстават на своите читатели оваа синтеза, која е клучна за разбирањето на природата на посредничката демократија. Откога е направена клучна поента на поврзување на либералната традиција со развојот на посредничката демократија, логично следува посветувањето на внимание на ограничувањето на власта, разграничувањето на одделните типови на власт, како и анализа на правото на владеење на политичкото мнозинство, со гарантирање на правата на малцинството. Иако, експлицитно не е наведено, овде авторот посочува на врската меѓу демократијата како политички систем и начинот на воспоставување на власта во една земја. Оваа глава завршува со анализа на процесите на демократизација. Давањето на глобалистичка перспектива на процесот на демократизација со акцентирање на фазите т.е. „брановите“ на демократизација е релативно нова, но вообичаена тенденција во современите учебници по политичка социологија. Но, авторот, не останува површна и просторно-временска дескрипција на демократизацијата, како што

може да се најде во повеќето учебници, туку се потрудил на својата читателска публика да ѝ понуди структурна и каузална анализа на демократизацијата. Во рамките на истата, демократизацијата се анализира од аспект на економските фактори, политичката култура, религијата и социјалната стратификација.

Третата глава насловена како „Демократизацијата на Република Македонија" се занимава со спецификите на демократизацијата на Република Македонија. Овој дел од книгата почнува со плурализацијата на политичкиот живот, што почна во 1990 г., за понатаму да го следи еволутивниот развој на македонскиот демократски систем и инкорпорирањето во него, на одделни механизми специфични за македонската политичка реалност. Таков механизам на пример е бадентеровото мнозинство (Трајковски 2019А: 94). Во оваа глава авторот ја анализира интеракцијата, па и сраснувањето на демократијата со популизмот и либерализмот од една страна, но и со капитализмот и корупцијата од друга страна. Иако констатира дека народот т.е. граѓаните се во основата и на демократијата и на популизмот, авторот проф. Ило Трајковски, ги наведува либералните идеи на ограничување, поделба и контрола на власта како вододелница меѓу демократијата и популизмот. Додека демократијата се заснова на почитување на овие принципи, популизмот ги погазува истите. Делото посветено на интеракцијата меѓу капитализмот, корупцијата и демократијата навлегува во современите дебати кои го преиспитуваат аксиомот за евентуалната каузална врска меѓу капитализмот и демократијата и критички го опсервираат истиот. Овде авторот е трагот, на доминантното мнение во политичката социологија, кое укажува дека економската и политичката слобода се подеднакво значајни за развојот на успешен демократски систем. Во таа смисла за развој на демократијата е неопходна економска инфраструктура.

Првиот дел од книгата „Политичка социологија 2", завршува со четвртата глава, „Избори и изборно однесување". Во ова поглавје покрај определувањето на изборите како општествен феномен, се опфаќаат манифестните и латентните функции на изборите, како и факторите кои ги чинат истите како што се избирачите и избраните лица. Честопати на изборите и на избраните лица им пристапува од правнички пристап, преку посочување на активното и пасивното изборно право. Иако, авторот проф. Трајковски посочува на правото на граѓаните да бираат и да бидат бирани, тој сепак повеќе внимание посветува на примената на социолошката имагинација која се огледа во структурната анализа на чинителите на изборниот процес која ни ја нуди како релевантно социолошко четиво. Оригиналниот социолошки приод во обработката на тематиката на изборите е на показ пред читателите и при презентацијата на следниот сегмент од оваа глава во книгата „Политичка социологија 2". Имено,

самиот избор на моделите на гласање во рамките на главата за изборите, зборува дека читателот на оваа книга ќе може да најде драгоцени информации кои го теоретизираат прашањето на тоа како поединците гласаат. Притоа, проф. Трајковски ни нуди пет теоретски релевантни модели на гласање: социолошки, економски, идеолошки, проблемски и рационален. Свесен за тоа дека изборите се одвиваат во одреден политички контекст, а набљудувањето на нивното организирање и спроведување се значајни за контролата на регуларноста на процесот, авторот ни нуди теоретска поткрепена и практично применувана експликација на набљудувањето на изборите. Исто така, сакајќи да укаже дека изборите не се цел самата за себе, авторот преку анализа на процесите кои следуваат по изборите, ни нуди перспектива кон која се насочени резултатите од изборите.

Во петтата глава, под наслов „Политички партии“, авторот ја разгледува улогата на политичките партии во демократските политички системи. Како консеквенца на расправата за политичките партии, книгата ја посочува улогата на социологијата на политичките партии, како најзначајна поддисциплина на политичката социологија, за утврдување на релациите меѓу социологијата на политиката и политичката социологија (Трајковски 2019А). Според авторот, за разлика на социологијата на политиката која инсистира на класниот фактор, политичката социологија, под влијание на социологијата на политичките партии укажува на значењето на независните варијабли во анализата на политичките процеси. Следна значајна тема во рамките на петтата глава од книгата, „Политичка социологија 2“, е граѓанското содружништво и политичката партиципација како димензија во која може да се мери динамичката суштина на политичките партии. Авторот посветува сериозно внимание на настанувањето на политичките партии, како и на претпоставките за нивно настанување. Понатаму, авторот, проф. д-р Ило Трајковски поимно и структурно ги определува политичките партии. Поимната анализа го опфаќа развојот на користењето на терминот политички партии и неговото значење. Структурната анализа пак, организациската структура и опсервација на интересовната заднина на политичките партии. При крајот на книгата „Политичка социологија 2“, авторот ни ги претставува функциите на политичките партии, за понатаму да премине на анализа на улогата и спецификите на политичките партии во поделените општества. Оваа глава завршува со типологизацијата на политичките партии и партиските системи.

Шестата глава под наслов „Интересовни групи и групи на притисок“ го зафаќа плуралистичкиот пристап кон политиката. Во ова поглавје на поимно ниво се појаснуваат разликите и испреплетувањата помеѓу интересовната

група и групата за притисок. Следната методска единица е класификација на интересовните групи, што понатаму ја отвора перспективата за анализа на интересовно-групната политика и разгледувањето на општеството како еквилибриум на интересовни групи. Во една од методските единици во оваа глава, авторот со право забележува дека под одредени услови, интеракцијата помеѓу интересовните групи и државата може да резултира со воспоставување на корпоративизам (Трајковски 2019А: 235). Иако е посветено внимание на релациите меѓу политичките партии и интересовните групи, се чини дека оваа тема е повеќе препуштена на политикологијата, па во политичката социологија се разгледува повеќе од аспект на теорија на елитите, отколку на коалициите меѓу политичките партии и одделните интересовни групи. На сличен начин, по неформалните конвенции за третирање на оваа тема во политичката социологија, таа е претставена и во книгата „Политичка социологија 2“. Главата „Интересовни групи и групи за притисок завршува со котоекстуализација на интересовните групи во демократските политички системи, нивното место, улога, начин на дејствување, ефикасност и функции.

Главата „Протестни и вонинституционални чинители“ е посветена пред сè на општествените движења. Особено внимание е посветено на презентација на дихотомијата: класични – современи општествени движења. Оваа глава завршува со класификација на современите општествени движења. Оваа глава, на читателот му ги претставува најновите слоеви на анализа на општествените движења во современата политичка социологија. Особено кореспондира со сознанијата кои на оваа тема ги изнесува Кејт Неш (2010), но и други влијателни современи социолози како Чарлс Тули и Ален Турен. Пристапот на обработка на материјата е автентично-социолошки, во смисла на анализа на општествените движења како социјален феномен и не навлегува многу во нивното евентуално ставање во функција на кампањите на политичките партии, што може да се најде во политиколошката перспектива на анализа на оваа тема. Книгата со право го зафаќа моментот, дека класичната социологија посветувајќи внимание на работничкото, долго време ги запоставуваше останатите општествени движења (Трајковски 2019А: 256). Но, исто така не е запоставен и делот за испреплетеноста меѓу државата и општествените движења, особено работничкото. Во делот за новите општествени движења прецизно се маркирани најзначајните карактеристики на истите, со поместувањето на релациите со државата.

Осмата глава под наслов „Политичка свест и јавно мнение“ е релативно нова во политичката социологија и во извесна смисла кореспондира со политичките комуникации. Социолошкиот пристап кон истата е многу

значаен и отвора широки перспективи за анализа на релациите помеѓу јавното мнение, јавноста, политиката и општеството. Препознавањето на значењето на оваа тема за политичката социологија е квалитет на книгата „Политичка социологија 2“. Самото поглавје почнува со поимна анализа на терминот политичка свест и поврзаноста на свеста со дејствувањето на поединците. Понатаму следува претставување на политичките уверувања, јавното мнение, разјаснување на разликите меѓу јавното мнение и јавното мислење, релациите меѓу јавноста и политиките на човекови права, категоризацијата на јавноста на внимателна и масовна јавност, истражувањето на јавното мнение и анализа на релациите меѓу мас-медиумите и јавното мнение. Авторот, го забележува и со право укажува на фактот дека јавното мнение може од една страна да има функција на контрола на јавната власт, но од друга страна може до толку да го ограничи нејзиното дејствување што би биле невозможни какви било политики кои излегуваат надвор од границите на општо прифатените становишта во едно општество.

Деветтата глава „Политичка култура“ ги опфаќа елементите и функциите на политичката култура. Авторот поимно ја определува политичката култура, нејзините елементи, функции и релации со политичката традиција и политичката социјализација, за понатаму да ја локализира темата преминувајќи во следната методска единица преку презентација на политичката култура во Република Македонија. Овде авторот презентира резултати и посочува на карактеристики на македонската политичка култура, врз основа на сознанијата од извештајот на националното теренско истражување на политичката култура во Македонија (Трајковски 2019А: 326). Авторот ја завршува оваа глава со краток осврт на мултикултурализмот.

Десеттата глава „Политичка идеологија“, почнува со дефинирање на поимот идеологија, кој понатаму се анализира од аспект на марксистичкото разбирање, но и разбирањата на идеологиите на современите теории, при што особено внимание се посветува на системските и на бихевиоралистичките аспекти на идеологијата. Во оваа глава ни се претставени четирите најзначајни современи политички идеологии: либерализмот, конзервативизмот, неолиберализмот и социјализмот. Покрај тоа што добро ги идентификувал најзначајните политички идеологии, авторот концизно и прецизно ја претставува на своите читатели секоја од нив

**Литература**

Backfield Jason, Krieger Nancy (2018) *Political Sociology and the Peoples Health*; Oxford University Press: New York

Frickel Scott, Moore Kelly (2006) *The New Political Sociology of Science: Institutions, Network and Power*; The University of Wisconsin Press: Madison

Janoski Tomas, Alford R. Robert, Hicks M. Alexander, Schwartz A. Mildred, editors (2010) *The Handbook of Political Sociology: States, Civil Societies, and Globalization*; Cambridge University Press: New York

Nash Kate (2010) Contemporary *Political Sociology: Globalization, Politics and Power*; Wiley Blackwell: New York

Torres Alberto Carlos (2013) *Political Sociology of Adult Education* (International Issues of Adult Education), Sanse Publishers: London

Трајковски Ило (2019) *Политичка социологија* 1/2; Филозофски факултет: Скопје

Scott C. John (2018) *Lobbying and Society: A Political Sociology of Interest Groups*; Polity: London

Svarplys Andrius, Morkevicius Vaidas (2013) *Political Sociology: Didactical Guidelines*; Vytautas Magnus University, Faculty of Political Science and Diplomacy: Kaunas